**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**www.iph.mk**

Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ

Тел: 02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354

**ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија

во месец **ј у л и, 2025**




**Скопје, 14.08.2025**

**Содржина:**

*ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ЈУЛИ, 2025* .................................... 3

*ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ* .......................................... 5

*ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА* .................................................................. 5

*СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА* ........................................................ 5

*ЕПИДЕМИИ* ........................................................................................................................ 6

*СМРТНИ СЛУЧАИ* ............................................................................................................ 6

*ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ* ...................................... 7

*БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ* ...................................... 7

## *ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ЈУЛИ, 2025*

Во текот на јули 2025 година, во Р. С. Македонија, пријавени се вкупно 937 заболени лица од акутни заразни заболувања (без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ) со вкупна инциденца од 51,0 на 100.000 жители.

Во текот на месец јули се бележи незначително намалување на вкупниот број на заболени лица за 1,0% во однос на претходниот месец јуни 2025 (n=946). Во однос на аритметичката средина за периодот 2015–2024, се бележи намалување за 24,9% (n=1.247), а во однос на јули 2024, се бележи намалување за 37,5% (n=1.500). (Графикон 1)

Во вкупниот број на заболени во 2025 година, регистрираните случаи во месец јули учествуваат со 15,3%. Кумулативниот број на пријавените случаи во 2025 (n=6.110) е за 33,3% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2024 година (n=9.159).

***Графикон 1**: Број на заболени од заразни болести по месеци во 2025 и аритметичка средина за 2015-2024*




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=454; 48,5%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Охрид (n=20; 2,1%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ се регистрира на територијата на ЦЈЗ Прилеп (I=102,1/100.000), а најниска е инциденца во ЦЈЗ Охрид (I=15,7/100.000). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ПЕ е регистрирана на територија на Крушево (I=226,6/100.000).

Три ПЕ не доставија пријави за заразни болести од територијата која ја покриваат (Гевгелија, Делчево и Пехчево). (Табела 1 во Прилог, Картограм)

***Графикон 2**: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во јули, 2025*




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во јули учествуваат со 98,0% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 50,0/100.000 жители. *(Табела 1)*

***Табела 1**: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во јули, 2025*

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| Ентероколитиси (А08, А09) | **461** | **25,1** |
| Овчи сипаници (В01) | **340** | **18,5** |
| Салмонелози (А02) | **44** | **2,4** |
| Шуга (В86) | **27** | **1,5** |
| Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации (А05.0, А05.2 - А05.9) | **19** | **1,0** |
| Инфективна мононуклеоза (В27) | **14** | **0,8** |
| Вирусен хепатитис Ц (В17.1) | **4** | **0,2** |
| Скарлатина (А38) | **3** | **0,2** |
| Ехинококоза (В67) | **3** | **0,2** |
| Кампилобактериоза (А04.5) | **3** | **0,2** |
| ***Вкупно*** | ***918*** | **50,0** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (ентероколити и овчи сипаници, n=801), учествуваат со 85,5% во вкупниот број на заболени, а со 87,3% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец јули 2025 година.

Во текот на јули, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **ентероколитите** со вкупно 461 пријавено лице. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 49,2%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 50,2%.

Во однос на претходниот месец јуни 2025 (n=336), се регистрира зголемување на бројот на пријавени лица од ентероколити за 37,2%. Во однос на месец јули 2024 (n=645) се регистрира намалување за 28,5%, како и во однос на аритметичката средина (n=751) каде се регистрира намалување за 38,6%.

Во вкупниот број на регистрирани ентероколити во 2025 (n=2.117), пријавените случаи во јули учествуваат со 21,8%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2025 година (n=6.110), ентероколитите учествуваат со 34,6%.

Кумулативниот број на заболени од ентероколити во 2025 (n=2.117) е за 2,1% поголем во однос на кумулативата за истиот период во 2024 (n=2.073).

На второ место по број на пријавени заболени во месец јули се **овчите сипаници**, со 340 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 36,3%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 37,0%.

Во однос на претходниот месец јуни 2025 (n=483), се регистрира намалување на бројот на заболени од овчи сипаници од 29,6%, додека во однос на месец јули 2024 (n=528) се регистрира намалување за 35,6%.

Во однос на аритметичката средина (n=318) се регистрира зголемување за 6,9%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипаници во 2025 (n=3.061), пријавените случаи во јули учествуваат со 11,1%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2025 година (n=6.110), овчите сипаници учествуваат со 50,1%.

Кумулативниот број на пријавени овчи сипаници во 2025 (n=3.061) е намален за 40,6% во однос на кумулативата за истиот период во 2024 година (n=5.150).

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи** во јули, најголем број (n=529) припаѓаат на **цревни заболувања** (56,5%; I=28,8/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, (n=461; 87,1%) и инциденца (I=25,1/100.000), се пријавите на ентероколити. Пријавени се 44 случаи на салмонелози (I=2,4/100.000), 19 случаи на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации (I=1,0/100.000), 3 случаи на кампилобактериоза и по еден случај на инфекција со E.colli и џардијаза.

Во месец јули, пријавени се 359 случаи (38,3% од вкупниот број на пријави) на заболени од групата на **капкови заболувања** *(Графикон 3),* со инциденца од 19,5/100.000. Од нив, најголем број (n=340; 94,7%) и инциденца (I=18,5/100.000) се пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени, 14 случаи на инфективна мононуклеоза (I=0,8/100.000), 3 случаи на скарлатина (I=0,2/100.000) и 2 случаи на легионерска болест.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во јули е регистриран 31 случај (3,3%; I=1,7/100.000) (*Графикон 3*). Од нив 27 се случаи на шуга (87,1%; I=1,5/100.000) и по еден случај на бактериски менингит, вирусен менингит, хеморагична треска со бубрежен синдром и еден случај на денга пријавен во други вирусни хеморагични househould треска. 

Во случајот со прионска болест, се работи за 56 годишно женско лице од Скопје, кое добило симптоми пред една година со појава на потешкотии при движење, нестабилност при стоење и одење, вртоглавици, промени на когнитивен план и брзо прогедирачка деменција. Лицето, во два наврати во текот на март-април, 2025 година, е хоспитализирано е на УК Неврологија, а починало во домашни услови на 02.07.2025. Примерок од случајот е испратен и тестиран во лабораторија во Германија од каде е добиен резултат за присуство на прионски протеини 14-3-3 во ликвор, што е индикатор за дијагностицирање на Creutzfeldt-Jakob-ова болест. Истражувањата укажуваат на спорадична форма на Creutzfeldt-Jakob-ова болест, која е најчеста форма кај 85-90% од сите случаи, не се пренесува од човек на човек, а прионските протеини настануваат спонтано во мозокот, без позната причина, главно кај повозрасни лица.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) се регистрирани 7 заболени лица (0,7%; I=0,4/100.000) *(Графикон 3)*, и тоа пријавени се 4 случаи на вирусен Хепатитис Ц и по еден случај на вирусен Хепатитис Б, инфекција со хламидија и сифилис. *(Графикон 3, Табела 1 во Прилог)*

***<u>Графикон 3</u>: Структура на заболени по групи на заболувања во јули, 2025***




### *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец јули, пријавени се 2 случаи потврдени на ХИВ и еден случај на СИДА, сите три случи се од машки пол. Од нив, 2 припаѓаат на возрасната група од 30-34 години и еден случај на возрасната група 60-64 години. Регистриран е еден смртен случај од СИДА, претходно, пријавен како заболен во мај 2025 година. (*Табела 3 во Прилог*)

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 31.07.2025), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2025, изнесува 714, и тоа:

- 136 лица починале,
- 574 лица живеат со ХИВ/СИДА (4 лица се со непознат исход).

### *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец јули 2025 регистриран е еден случај со инциденца од 0,1/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*)

Регистриран е еден случај на вирусен хепатитис Б кој според возраста не подлежи на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не е вакциниран против оваа болест. Дијагнозата е потврдена лабораториски.

### *СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА*

Во Р. С. Македонија во текот на месец јули, пријавени се вкупно 27 случаи на КОВИД-19, за разлика од месец јуни кога беа пријавени 10 случаи и месец јули 2024 кога се регистрирани 250 случаи.

Најголем број од случаите се регистрирани во Скопје (n=18), а пријавени се и 3 случаи од Охрид, 2 од Тетово и по еден случај од Кочани, Гевгелија, Велес и Битола. Во текот на месецот не е регистрирано починато лице асоцирано со КОВИД-19.

Од КОВИД-19 заболените, пријавени се позитивни од сите возрасни групи, а најголем број е регистриран кај возрасната група од 0-9 години.

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец јули, се тестирани вкупно 585 материјали за 5,4% повеќе во однос на минатиот месец (n=555).

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 31.07.2025, пријавени се вкупно 352.148 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.172,7/100.000) и 10.006 смртни случаи (Mt= 544,8/100.000; CFR=2,8%).

## *ЕПИДЕМИИ*

Во текот на месец јули, до Институтот за јавно здравје се пристигнати две пријави, за епидемија на акутен гастроентероколит и епидемија на алиментарна интоксикација.

ЦЈЗ Кочани/ПЕ Берово пријави епидемија на акутен гастроентероколит на 07.07.2025. Епидемијата е пријавена со 22 заболени лица од старски дом кои добиле симптоми на дијареа и повраќање. Меѓу заболените нема хоспитализирани лица. Во примероците на копрокултура земени од сите 22 заболени не се детектирани патогени. Во соработка со АХВ, ДСЗИ и претставници од ИЈЗ, ЦЈЗ Кочани изврши санитарно-хигиенска контрола во кујната на домот и беа земени мостри за микробиолошко испитување од жива и нежива средина. Докажано е присуство на E. coli во примерок од храната. Од страна на ЦЈЗ Кочани предложени се соодветни санитарно-хигиенски и против епидемиски мерки, како и редовно и континуирано одржување на лична хигиена, проверка на доставената храна од страна на посетителите и пријавување на секој сомнителен случај при појава на гстроинтестинални тегоби. Кујната на домот беше затворена до добивање на негативни резултати од земените материјали. По превземање на сите потребни епидемиолошки мерки од страна на ЦЈЗ Кочани, епидемијата е одјавена на 28.07.2025.

Епидемијата на алиментарна интоксикација е пријавена на 25.07.2025 од страна на ЦЈЗ Кочани, со 6 заболени лица кои консумирале сладолед на точење од продавница во с. Зрновци. Сите 6 лица се хоспитализирани, а примероци на копрокултура се земени од 2 заболени лица и истите се негативни. Во соработка со АХВ, ДСЗИ и претставници од ИЈЗ, ЦЈЗ Кочани изврши увид во објектот, при што беа земени мостри за микробиолошко испитување од жива и нежива средина. Од добиените лабораториски анализи детектирани се ентеробактерии од примероците на сладолед и S. aureus од брисевите на раце на вработениот.
Од страна на ЦЈЗ Кочани предложени се соодветни санитарно-хигиенски и против епидемиски мерки, како и редовно и континуирано одржување на хигиена и пријавување на секој сомнителен случај при појава на гстроинтестинални тегоби. Објектот беше затворен до добивање на негативни резултати од земените материјали. По превземање на сите потребни епидемиолошки мерки од страна на ЦЈЗ Кочани, епидемијата е одјавена на 04.08.2025.

Во текот на месец јули беше одјавена епидемијата на овчи сипаници во детска градинка пријавена од страна на ЦЈЗ Куманово во текот на месец април. Епидемијата е одјавена на 03.07.2025 со 18 заболени деца на возраст од 2-6 години и без хоспитализации по поминат двоен инкубациски период од последниот пријавен случај. Од страна на ЦЈЗ Куманово беше препорачано редовно одржување на лична хигиена и хигиена на објектот, навремена изолација на случаи при појава на симптоми и редовно пријавување на случаи од страна на лекарите.

## *СМРТНИ СЛУЧАИ*

Во текот на месец јули, **регистриран е еден смртен случај од акутно заразно заболување** *(без КОВИД-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)*. Случајот е пријавен со прионска болест и е подетално опишан во групата на зоонози.

## *ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ*

Во текот на јули, 2025 година во ИЈЗ се пристигнати 550 *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болест и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од територииите на сите десет ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=340; 61,8%) и ЦЈЗ Куманово (n=79; 14,4%). (*Табела 4 во Прилог)*.

Најчесто пријавувани причинители во месец јули се: *MRSA (n=147; 26,7%), HPV (107; 19,5%), и Salmonella enteritidis (40; 7,3%).*

Во однос на пријавите за резистенција на антибиотици, резистенција е добиена за *MRSA,* Proteus mirabillis ESBL, Acinetobacter baumanii, Klebsiella pneumonia ESBL, Enterobacter cloacae ESBL, Escherchia coli, Escherchia coli ESBL, Staphylococcus aureus и Salmonella enteritidis.

Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пријавите се од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Кочани, ЦЈЗ Охрид, ЦЈЗ Велес, ЦЈЗ Прилеп, ЦЈЗ Струмица, ЦЈЗ Тетово и ЦЈЗ Штип.

## *БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ*

Во текот на месец јули, ***пристигнати се шест пријави*** за заразно заболување гастроентероколит и салмонелоза кај странски државјани од Косово, Италија, Швајцарија и Германија од Република Србија кој привремено престојувале во Република Северна Македонија.

***Оддел за епидемиологија на заразни заболувања***
***Институт за јавно здравје на РСМ***